Врз основа на член 23 и член 24 од Статутот на Кикбокс Маитаи федерацијата на Македонија, Управниот одбор на КМФМ на својата седница одржана на ден 12.06.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за рангирање на младински клубови за оставарување во натпреварувачкиот систем на КМФМ**
**заклучно со 01.06.2023 година**

Член 1

Рангирањето на младинските клубовите за остварување во натпреварувачкиот систем на КМФМ се врши според пропишаните критериуми во Бодовниот национален систем на КБФМ, усвоен со Одлука на Извршниот одбор на КБФМ на ден 01.12.2017 година и „Листата со статистика за достигнувања на клубови и натпреварувачи за тековната 2023 година" заклучно со 01.06.2023 година.

Член 2

Средствата за партиципација за финансирање на рангираните клубови се доделени од Агенцијата за млади и спорт на РСМ со Договор за користење на средства наш број 0303-7/2 од 10.05.2023 година во вкупен износ од 300.000,00 денари и истите во моментот на носење на одлуката се наоѓаат на сметката на КМФМ.

Член 3

За најуспешни кик бокс клубови според достигнувањата на своите натпреварувачи во тековната 2023 година заклучно со 01.06.2023 година се рангираат следните клубови, при што редоследот на рангираните клубови го означува местото на успешноста на клубот (позицијата 1 означува прворангиран - најуспешен клуб, а позицијата 5 означува петто рангиран клуб):

1. КБК Шампион Скопје = 90.000 денари
2. КБК Гладијатор Скопје = 70.000 денари
3. КБК Работнички Адора Скопје= 60.000 денари
4. КБК Будо Кавадарци = 50.000 денари
5. КБК Тим Зоран Струмица = 30.000 денари

Износот за распределба на средствата, како и бројот на клубови на кои ќе се доделуваат средствата по успешност е одреден од Агенцијата за млади и спорт на РСМ при распределба на вкупните средства за рангирање на младинските клубови и истиот е наведен во Договорот за распределба на средства.

Член 4

Вкупните средства доделени за оваа намена ќе се распределат според наведениот износ во член 3 на оваа одлука на трансакциски сметки на клубовите.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Скопје, 01.06.2023 година
Наш број: 0303 – 9/2

Претседател на КМФМ,

______________________

м-р Дејан Митровски

КИКБОКС МАИТАИ
КМФМ
ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА